Совет на Општина Делчево
Број 09-      /2
20.05.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 23.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 20.05.2019 година (понеделник), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Катица Трајкова Тасева
6. Влатко Величковски
7. Вице Стоиловски
8. Кирил Тренчевски
9. Ванчо Велиновски
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевска
14. Кристи Стојковски
15. Николчо Ситновски

На седницата присуствуваше и Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, акко и образлагачите на точките Шабан Багашов, Владимир Мерзликин, Ванчо Новоселски, Тони Стоименовски, Горан Петровски и Татјана Стојковска.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Драган Маневски кој за денешната 23.седница на Советот, го предложи следниот

Дневен редl

-Усвојување на Записник од 22.седница

1.Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;

2.Предлог-Решение за номинирање на член на заедничка комисија за подготовка на предлог-актот за конституирање на меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад меѓу општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово;

**Образлагач:** По токите 1 и 2 -Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево;

3.Предлог-Одлука за одобрување на Извештајот на Градоначалникот на Општина Делчево за вкупниот договорен износ на доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;

4.Предлог-Одлука за одобрување на вкупниот договорен износ на доверители за финансирање на

доспеани, а неплатени обврски;

5.Предлог-Одлука за одобрување на изјави дадени од раководните лица на единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа од областа на образованието;

**Образлагач:**По точките 3,4 и 5-Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансирање;

6.Предлог-Одлука за доделување награда на ученици од IV година од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;

7. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;

**Образлагач**: По точките 5 и 6- Ванчо Новоселски-Советник за образование.

8.Предлог-Одлука за плаќање на чланарина на Општина Делчево како соосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група „Малеш – Пијанец;

**Образлагач**: Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР;

9.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Атанас Жежовски;

10.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Драган Стоичов;

11.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Костадин Трајков;

12.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Петар Ромов;

13.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Димитрија Величков;

14.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Трајче Витановски;

15.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Полизена  Коларска;

16.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Македонска Православна Црква (МПЦ);

17.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект В5 манастир згр. бр.1 по барање на Македонска Православна Црква (МПЦ);

18.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект капела згр. бр.1 по барање на Македонска

Православна Црква (МПЦ);

19.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект -помошен објект-трпезарија зграда бр.1 по барање на Македонска Православна Црква (МПЦ);

20.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа А4 по барање на Тони Алексовски;

21.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа по барање на Галина Дисевска;

22.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Галина Дисевска;

23.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Александар Стојев;

24.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфатна објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Александар Стојев;

25.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект гаража зграда бр.3 по барање на Александар Стојев;

26.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект гаража зграда бр.3 по барање на Киро Ѓорѓиевски;

27.Предлог-Одлука за изработка на урбанистичка планска документација (ЛУПД) на локација на постоечка Пречистителна станица и пумпи КО Тработивиште со намена Е3 (некомпатибилна инфраструктура)-изградба на Пречистиелна станица-Општина Делчево;

28.Предлог-Одлука за изработка на урбанистичка планска документација (ЛУПД) на локација на постоечка Пречистителна станица и пумпи Тработивиште со намена Е2 (комунална супраструктура) поставување на фотоволтаична централа Општина Делчево;

29.Предлог-Одлука за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година со точка 13.1;

30.Предлог-Одлука за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година со точка 13.2;

31.Предлог-Одлука за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година со точка 13.3;

32.Предлог-Одлука за изработка на урбанистичко планска документација-Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат до Пречистителна станица и до локација на фотоволтаи во с.Тработивиште-Општина Делчево;

**Образлагач:**По точките од 8 до 32- Горан Петровски-Советник за урбанизам.

33.Предлог-План за управување со отпад на Општина Делчево (2019-2023);

34.Предлог-Програма за управување со отпад за 2019 година во Општина Делчево;

Образлагач: Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура.

35. Прашања и предлози на членови на Совет;

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена и предложенот дневен ред беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 23.седница на Совет.

Прва точка-Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;

Оваа точка ја образложи Цекретарот на Општина Делчево, Владимир Мерзликин кој истакна дека до Градоначалникот на Ооштина Делчево, од страна на Градоначалничката на Општина Македонска Каменица е доставен предлог за меѓуопштинска соработка за вршење на работи и работни задачи во Одделението за инспекциски надзор - инспекторат Овластен градежен инспектор.За регулирање на меѓусебните права и обврски на Општина Делчево и Општина Македонска Каменица ќе биде склучен Договор за меѓуопштинска соработка, согласно одредбите од член 29 на Законот за меѓуопштинска соработка, кој ќе биде потпишан од страна на градоначалниците на двете општини. По склучувањето на Договорот од член 2 на оваа одлука, Овластениот градежен инспектор од Општина Делчево ќе извршува работни обврски и во Општина Македонска Каменица, по барање на Општина Македонска Каменица.Предлагам Советот на Општина Делчево да ја донесе оваа одлука, рече В.Мерзликин.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;

Втора точка-Предлог-Решение за номинирање на член на заедничка комисија за подготовка на предлог-актот за конституирање на меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад меѓу општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово;

И оваа точка ја образложи Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево кој рече дека на претходната 22.седница Советот на Општина Делчево донел Одлука за прифаќање на предлогот за меѓуопштинска соработка со 17 општини од Североисточниот и Источниот плански регион за формирање на заедничко јавно претпријатие за управување со отпад со што бил направен првиот чекор во решавањето на проблемот со управувањето со отпадот на ниво на плански региони. Наредна фаза, т.е нареден чекор е номинирање на член на заедничка комисија за подготовка на предлог-актот за конституирање на меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад меѓу општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово. Заедничката комисија ќе има задача за подготовка на Предлог-актот за конституирање на заедничко јавно претпријатие за управување со отпад и предлог-договор за остварување на

меѓуопштинска соработка меѓу општините општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово. Од Општина Делчево за член во оваа комисија се номинира Ивана Ивановска-дипломиран правник на работно место -Помлад соработник за нормативно-правни работи.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за **номинирање на член на заедничка комисија за подготовка на предлог-актот за конституирање на меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад меѓу општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово;**

**Трета точка-Предлог-Одлука за одобрување на Извештајот на Градоначалникот на Општина Делчево за вкупниот договорен износ на доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски**;

Точката ја образложи Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансирање кој рече дека Општина Делчево има обврска секоја година да доставува Извештај до Министерството за финансии за неисплатените обврски од финансиското работење. Во месец септември Општина Делчево пријави главен долг за доспеани, а неплатени обврски во висина од 57.212.539,00 денари, во октомври од страна на МФ на РСМ Општина Делчево доби парични средства во висина од 29.261.656,00 денари, односно 51% од вкупниот пријавен основен долг за исплата на доспеани, а неплатени обврски. Во месец декември го објавивме Огласот за пријавување на доверителите за утврдување, преговарање и исплата на долгот кон доверителите. Согласно Законот за финансиска поддршка на општините, предност за исплата имаат оние доверители кои ќе се откажат од пресметаните камати и 15% од главниот долг, како и од другите процесни трошоци. Во периодот јануари-мај (до 13 мај) Градоначалникот преговараше со доверителите кои се пријавија на огласот за што е составен и записник со секој доверител. Од Извештајот што ви е доставен акко прилог на првата одлука се гледа дека основниот долг на општината спрема доверителите кои се пријавиле на огласот е и со кои се извршени преговори е 42.639.560 денари, додека вкупниот долг заедно со каматите и др.процесни трошоци изнесува 207.758.285, износот кој треба да е подмири изнесува 29.248.124,00. Во материјалите што првично ви беа доставени не беше внесен долгот на АД „Гранит" и СД „Транс" бидејќи овие 2 фирми не се откажаа од каматите и 15% од вкупниот долг, во консултации со МФ беше кажано дека сепак треба да бидат внесени во Извештајот и затоа непосредно пред сеницата ви беше доставен нов извештај. Доколку има некои прашања, повелете рече на крајот Ш.Багашов.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали долгот што го има Општината кон АД „Гранит" и СД „Транс" е над 50% во однос на вкупниот долг?

Ш.Багашов рече дека е над 50%, можеби над 60% и тој процент е даден во колоната 6 на извештајот.

Билјана Ѓеоргиевска праша дали имало услови во самиот процес на преговарање и договарање?

Ш.Багашов рече дека имало услов кој е предвиден со самиот закон, а тоа е дека предност ќе имаат доверителите кои ќе се откажат од каматите, 15% од вкупниот долг и од другите процесни трошоци.

Драган Маневски праша дали сите средства се насочени кои оние доверители кои се откажале од од каматите, 15% од вкупниот долг и од другите процесни трошоци и дали со тие 29.248.124,00 ќе се

покријат сите обврски кон нив и дали Општината има обврска да ги враќа тие средства?

Ш.Багашов рече дека со тие 29.248.124,00 ќе се покријат сите обврски кон овите доверители кои се пријавиле на огласот и се откажале од каматите, 15% од вкупниот долг и од другите процесни трошоци.

Сашко Ивановски праша дали има фирми кои не се пријавиле на огласот?

Ш.Багашов рече дека има такви фирми, на пример „Трендком", „Пелагонија" во стечај, „Вирго инженеринг", „Хидроинженеринг" во стечај, „Енергоинженеринг", „Геоинг", „ЕВН" и други.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека Општина Делчево постапила согласно законот и објавила оглас за пријавување на доверители, исто така од наша страна беа контактирани по телефон сите фирми, но факт е дека на огласот не се пријавија сите фирми кон кои ние како Општина имаме долг. Законот е дециден, предност за исплата имаат оние фирми кои се јавиле на огласот и кои ги испочитувале условите дадени во законот. Исто така, тој ги информираше членовите на Советот за преговорите со АД „Гранит" и рече дека тие не ги прифатиле условите дадени во законот

Кирил Тренчевски праша врз основа на кој критериум се дадени тие средства во износ од 29.248.124,00 денари кога пријавениот долг е 57.212.000 денари?

Шабан Багашов рече дека согласно законот Владата на РСМ на општините им дава средства во висина од 51% од долгот заклучно со 30.09.2018 година.

Катица Трајкова Тасева рече дека од Извештајот може да се види дека како доверител се јавува и ЈПКД „Брегалница" со 7.625.198,00 денари пријавени, а неплатени обврски на општината и праша за што се однесуваат тие средства?

Шабан Багашов рече дека станува збор за средства по судска пресуда за долг на општината зпо разни фактури (за одржување на паркови и зеленило, косење на трева и сл.)

Бидејќи никој друг не се јави за збор расправата беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Опоштина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на Извештајот на Градоначалникот на Општина Делчево за вкупниот договорен износ на доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;

**Четврта точка-Предлог-Одлука за одобрување на вкупниот договорен износ на доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;**

И оваа точка ја образложи Шабан Багашов кој рече дека одлуката е слична како претходната само што извештајот се однесува на вкупниот договорен износ, се друго е исто како претходниот извештај. Вкупниот договорен износ на доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски е 29.248.124,00 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на вкупниот договорен износ на доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

**Петта точка-Предлог-Одлука за одобрување на изјави дадени од раководните лица на единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа од областа на образованието;**

Образлагач и по оваа точка беше Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансирање кој рече дека буџетските корисници формирани од страна на ЕЛС исто така имаат обврска секој месец, до

Министерството за финансии,  Извештај за неплатени обврски. Двете основни училишта и средното општинско училиште во месец септември 2018 година пријавиле вкупно доспеани, а неплатени обврски во износ од 163.257,00 денари. На сметката на Општината Министерството одобри 51% односно 83.261,00 денар за финансирање на овие обврски, но училиштата веќе ги подимириле овие обврски од свои сопствени средства. Во членот 9 став 1 од Законот за финансиска поддршка стои дека единките буџетски корисници кои можат сами да ги исплатат своите пријавени доспеани обврски, со изјава на директорот, овие средства може да ги користи општината. До нас од страна на сите 3 директори има доставено изјави и затоа ја предлагаме оваа одлука до Советот на општината.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за одобрување на изјави дадени од раководните лица на единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа од областа на образованието;

**Шеста точка-Предлог-Одлука за доделување награда на ученици од IV година од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;**

Оваа точка ја образложи Ванчо Новоселски кој рече дека Општина Делчево секоја година доделува награда на најдобрите 10 ученици од 4 година од СОУ „М.М.Брицо“ која се состои во наградно патување низ Европа. Целата постапка за избор на најдобрите 10 ученици ја спроведува СОУ „М.М.Брицо“, а средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за доделување награда на ученици од IV година од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;

**Седма точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;**

Образлагач и по оваа точка Ванчо Новоселски-Советник за образование кој рече дека и оваа одлука се донесува секоја година, а се однесува на доделување стипендија на учениците првенци од општинските училишта. Општина Делчево доделува 3.000 денари на првенецот на СОУ „М.М.Брицо“ и по 2.000 денари за првенците на основните училишта. Стипендијата ќе ја добиваат 9 месеци.

Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;

**Осма точка-Предлог-Одлука за плаќање на членарина на Општина Делчево како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група „Малеш – Пијанец;**

Образлагач по оваа точка бешеТони Стоименовски-Советник за ЛЕР кој рече дека со оваа одлука се определува висината на членарината на општина Делчево се определува согласно Одлуката на Управниот одбор на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група „Малеш – Пијанец“ и согласно Методологијата по која општините од територијата на ЛАГ „Малеш – Пијанец“ ќе плаќаат членарина 2 денари по жител (согласно последниот спроведен Попис од 2002 година).

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за плаќање на членарина на Општина Делчево како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група „Малеш – Пијанец.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Атанас Жежовски;**

Во врска со оваа и наредните точки на предлог на претседателот на Советот и согласност од сите членови на Советот немаше образложение бидејќи станува збор за стандардни одлуки.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Атанас Жежовски;

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Драган Стоичов;**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Драган Стоичов;

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Костадин Трајков;**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“,против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Костадин Трајков;

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Петар Ромов;**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“,против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Петар Ромов.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда**

**бр.1 по барање на Димитрија Величков;**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА",против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа зграда број 1 по барање на Димитрија Величков.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Трајче Витановски;**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА",против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа зграда број 1 по барање на Трајче Витановски.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Полизена Коларска;**

Беше отворена расправа.
Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА",против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа зграда број 1 по барање на Полизена Коларска.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Македонска Православна Црква (МПЦ);**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа зграда бр.1 по барање на МПЦ.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект В5 манастир згр. бр.1 по барање на Македонска Православна Црква (МПЦ);**

Беше отворена расправа.
Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект В5 манастир згр. бр.1 по барање на Македонска Православна Црква (МПЦ);

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-**

**планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект капела згр. бр.1 по барање на Македонска Православна Црква (МПЦ);**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат,објект капела згр. бр.1 по барање на Македонска Православна Црква (МПЦ);

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект -помошен објект-трпезарија зграда бр.1 по барање на Македонска Православна Црква (МПЦ);**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат,објект -помошен објект-трпезарија зграда бр.1 по барање на Македонска Православна Црква (МПЦ);

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа А4 по барање на Тони Алексовски;**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа А4 по барање на Тони Алексовски;

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за беспрано-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа по барање на Галина Дисевска;**

Беше отворена расправа.
Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект, станбена куќа по барање на Галина Дисевска.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Галина Дисевска;**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден

објект надвор од плански опфат објект, помошен објект зграда бр.2 по барање на Галина Дисевска.

**Дваесет и трета Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Александар Стојев;**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект, станбена куќа зграда бр.1 по барање на Александар Стојев.

**Дваесет и четврта тока-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфатна објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Александар Стојев;**

Беше отворена расправа.
Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект, помошен објект зграда бр.2 по барање на Александар Стојев.

**Дваесет и петта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект гаража зграда бр.3 по барање на Александар Стојев;**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект, гаража зграда бр.3 по барање на Александар Стојев.

**Дваесет и шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект гаража зграда бр.3 по барање на Киро Ѓорѓиевски;**

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект, гаража зграда бр.3 по барање на Киро Ѓорѓиевски.

**Дваесет и седма точка-Предлог-Одлука за изработка на урбанистичка планска документација (ЛУПД) на локација на постоечка Пречистителна станица и пумпи КО Тработивиште со намена Е3 (некомпатибилна инфраструктура)-изградба на Пречистиелна станица-Општина Делчево;**

Точката ја образложи Горан Петровски кој рече дека оваа и наредните 3 одлуки се однесуваат на

Пречистителната станица. Во постапка е донесување нов закон за урбанистичко планирање според кој сите постапки се усложнуваат и можно е да се одолговлечат работите околу пречистителната станица и затоа овие 4 одлуки се предложени на денешната седница.Одлука се однесува на изработка на изработка Локална урбанистичка планска документација ( ЛУПД ) на локација на постоечка Пречистителна станица и пумпи КО Тработивиште со намена Е 3 - (некомпатибилна инфраструктура ) изградба на Пречистителна станица Општина Делчево.Потребата за изработка Локална урбанистичка планска (ЛУПД) за изградба на Пречистителна станица на локација на постоечка Пречистителна станица и пумпи КО Тработивиште со намена Е 3 - (некомпатибилна инфраструктура ) е решавање на проблемот со чиста вода за пиење за градот Делчево и Општината.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Дејан Георгиевски кој истакна дека Комисијата за урбазниам одржала седница и дала позитивно мислење за сите овие одлуки. Биле присутни 3 членови и сите одлуки се едногласно поддржани.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на урбанистичка планска документација (ЛУПД) на локација на постоечка Пречистителна станица и пумпи КО Тработивиште со намена Е3 (некомпатибилна инфраструктура)-изградба на Пречистиелна станица-Општина Делчево.

**Дваесет и осма точка-Предлог-Одлука за изработка на урбанистичка планска документација (ЛУПД) на локација на постоечка Пречистителна станица и пумпи Тработивиште со намена Е2 (комунална супраструктура) поставување на фотоволтаична централа Општина Делчево;**

Во врска со оваа точка Г.Петровски рече дека Оваа Одлука се однесува на изработка на Локална урбанистичка планска документација ( ЛУПД ) на локација на постоечката Пречистителна станица КО Тработивиште со намена Е 2- (комунална супрастуктура) поставување на фотоволтаична централа.Потребата за изработка на Локална урбанистичка планска документација ( ЛУПД ) на локација на постоечката Пречистителна станица КО Тработвиште со намена Е2-комунална супраструктура е поставување на фотоволтаична централа со цел намалување на трошоците за електрична енергија и користење на алтернативни извор на енергија за работењето на Пречистителната станица за вода.

Претседателот отвори расправа.

Никој не се јави за збор и расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на урбанистичка планска документација (ЛУПД) на локација на постоечка Пречистителна станица и пумпи Тработивиште со намена Е2 (комунална супраструктура) поставување на фотоволтаична централа Општина Делчево.

**Дваесет и деветта точка-Предлог-Одлука за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година со точка 13.1;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука се дополнува Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година. Имено, во поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево,, по точката 13 се додава една нова точка – точка 13.1 која гласи : „Изработка Локална урбанистичка планска документација ( ЛУПД ) за к.п. бр. 1302/2 и к.п. бр. 1303 к.о. Тработивиште ИЛ 747 со намена Е 2- (комунална супрастуктура) поставување на фотоволтаична централа.

Претседателот отвори расправа.

Никој не се јави за збор и расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година со точка 13.1;

**Триесетта точка-Предлог-Одлука за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови**

**на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година со точка 13.2;**

Во поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево,, по точката 13 се додава една нова точка – точка 13.2 која гласи : Изработка на Локална урбанистичка планска документација ( ЛУПД )на локација на постоечката Пречистителна станица и пумпи КО Тработивиште со намена Е 2- (комунална супрастуктура) поставување на фотоволтаична централа.

Претседателот отвори расправа.

Никој не се јави за збор и расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година со точка 13.2

**Триесет и прва точка-Предлог-Одлука за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година со точка 13.3;**

Г.Петровски ја образложи оваа точка и рече дека во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-177/1 од 28.01.2019 година,се врши следната дополна, т.е. во поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево,, по точката 13 се додава една нова точка – точка 13.3 која гласи : „Изработка на Локална урбанистичка планска документација ( ЛУПД ) на локација на постоечката пречистителна станица и пумпи КО Тработивиште со намена Е 3 - (некомпатибилна инфраструктура ) изградба на пречистителна станица.
Претседателот отвори расправа.

Никој не се јави за збор и расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година со точка 13.3

**Триесет и втора точка-Предлог-Одлука за изработка на урбанистичко планска документација-Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат до Пречистителна станица и до локација на фотоволтаи во с.Тработивиште-Општина Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам кој рече дека за да се изгради пристапниот пат до пречистителната станица потребна е согласност од Советот бидејќи на тој опфат нема урбанистички план. Патот веќе постои, следува експропријација на земјиште, истиот нема дфа биде асфалтиран бидејќи ја нема доволната ширина.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Влатко Величковски кој праша дали има државно земјиште таму?

Г.Петровски рече дека 90% од земјиштето е државно, а 10% приватно.

Бидејќи никој друг не се јави за збор расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на урбанистичко планска документација-Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат до Пречистителна станица и до локација на фотоволтаи во с.Тработивиште-Општина Делчево;

**Триесет и трета точка-Предлог-План за управување со отпад на Општина Делчево (2019-2023);**

Точката ја образложи Татјана Стојковска Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура која рече дека овој План претставува продолжување на напорите за остварување на визијата за Општина Делчево за одржлив развој поставена со стратешките документи

Локален Еколошки Акционен План и Стратегија за Локален Економски Развој. Како специфично насочен документ, Планот за управување со отпад предлага практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми во управувањето со отпадот, прилагодени кон локалните карактеристики, предности и можности.Визијата за Одржлив развој подразбира висок квалитет на животната средина дефиниран со достапност на чиста вода, воздух, почва. Сите овие природни ресурси се под закана на производните процеси, потрошувачката, мобилноста и стремежот за економски раст т.е. движечките сили во создавањето на отпадот. Количината и видот на отпад кој го создаваме е еден значаен индикатор за нашето однесување кон природните ресурси, затоа што со создадениот отпад, нив неповратно ги губиме. Секој поединец има лична одговорност за отпадот што го создава. Како индивидуални создавачи на отпад, ние мора да водиме сметка колку отпад создаваме, да бараме решенија да го намалиме и да управуваме со него на безбеден начин, да бидеме подготвени да платиме за да се елиминираат последиците врз животната средина од отпадот, затоа што секој кој создава отпад носи одговорност за влијанието што тој отпад го врши врз животната средина и здравјето на луѓето. Управувањето со отпадот е комплексна материја. Превенцијата на генерирање на отпадот би требало да заземе иницијално место, бидејќи редуцирање на отпадот подразбира и редуцирање на потребата за негово собирање и третман кое е во корелација со трошоците и влијанието врз животната средина. Превенција на создавањето на отпад во смисла на употреба на материјали, добра, сервиси на таков начин што нивното производство, употребата, реупотребата, рециклирањето ќе резултираат со најмало можно производство на отпад. Превенцијата е само еден дел од концептот на почисто производство кој е промовиран од Обединетите Нации Програма за Животна Средина (UNEP) околу петнаесетина години.

Депонирање на отпадот на депонии е најдолната можна опција во хиерархијата на управување со отпадот, но се уште најдоминантен метод користен кај нас. Депониите во нашата земја најчесто се неправилно управувани и не ги задоволуваат минималните стандарди во однос на животната средина и здравјето на луѓето. Голем предизвик е да се достигнат одредени стандарди при градењето на депониите и да се затворат несоодветно управувани и одржувани места.Управувањето со отпадот во нашата земја се уште претставува проблем, бидејќи количината на отпадот е во постојан пораст, а законската регулатива во одредени случаи слабо се имплементира.Резултатите во справување со проблемите, во постигнување на континуирани подобрувања, во голема мерка зависат од интегрираниот пристап кој го обезбедуваат многуте учесници во процесот: јавноста, стопанството, надлежните органи. Локалната самоуправа, секако, е главниот олеснувач кој и помага на заедницата да се справи со предизвиците во управувањето со отпадот , но таа изрази надеж дека проблемот ќе биде разрешен со формирањето на меѓуопштиснките јавни претпријатија

Овој план има за цел, на најдобар начин и во најголема можна мерка, да обезбеди во општината Делчево, примена на докажаните позитивни практики во управувањето со отпадот, рече на крајот Татјана Стојковска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Катица Трајкова Тасева која праша што се планира во иднина со собирањето на отпадот во селските населби бидејќи насекаде има депонии и мни-депонии.

Т.Стојковска рече дека во Делчево има 21 селска населба од кои само во 3 села се собира отпадот.

Проблемот со депониите навистина е голем, во иднина се планира да се реши тој проблем со поставување на контејнери од страна на ЈПКД „Брегалница“.

Сашко Јовановски ја праша Т.Стојковска што со отпадот на постојната депонија „Острец“ по започнувањето со работа на меѓуопштинското ЈП за управување со отпад?

Т.Стојковска рече дека се планира нивно затварање, т.е. Потрупување со земја, засадување на дрва и зеленило.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА„, Советот на Општина Делчево го донесе План за управување со отпад на Општина Делчево (2019-2023).

**Триесет и четврта точка-Предлог-Програма за управување со отпад за 2019 година во Општина Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура која рече дека Програмата е изработена согласно барањата на Законот за управување со отпадот, во согласност со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020), Националниот план за управување со отпад ( 2009-2015) и Планот за управување со отпад на Општина Делчево ( 2019-2023).Со неа се предвидуваат 3 стратегиски цели и тоа:Подобрување на управување со општинската депонија, Општина Делчево- дел од регионалниот систем за управување со отпадот и Извори на финансирање на мерките и активностите (инструментите). Таа истакна дека постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува елементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така не ги задоволува основните стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2019 година е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад. Изработен е и во тек е потврдување на документот за регионално управување со отпад и после негово усвојување од страна на МОЕПП општината е потребно да се приклучи кон спроведување на мерките и активностите на истата. Во врска со втората стратегиска цел-Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, таа истакна дека според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа стратешка цел беше изработката на физибилити студија за регионално управување со отпад за Источниот плански регион.

Во согласност со Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.
Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на Република Македонија.
Во согласност со насоките од Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион, се спроведуваат два проекти:
1.Изработка на техничка спецификација за набавка на опрема за собирање и транспортирање на отпад во Источниот и Североисточниот регион и
2.Изработка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветни депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион.
Затворањето на депониите ќе се изведува во 2 фази:
Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата региони) и затворање на помалите општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и
Парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале и количините на отпад од општините чии што депонии би биле веднаш затворени.

Согласно Планот за затворање на депониите, депонијата во Делчево ќе биде оперативна во преодниот период (преоден период Источен регион -2020).
Втора фаза: Комплетно затворање на оперативните депонии, откако ќе се отворат регионалните центри за управување со отпад.
Стратегиска цел бр.2
Процена на видот и количеството отпад што се создава на територијата на Општина Делчево
Проценката на сегашната состојба опфаќа голем број видови отпад како комунален отпад, комерцијален отпад, индустриски неопасен отпад, инертен отпад (градежен шут), опасен отпад создаден од различни субјекти, како и одреден број специфични видови отпад како: преносливи батерии, медицински отпад, земјоделски отпад, отпадни гуми, отпадни масла, отпадна електронска и електрична опрема. Сепак, подетално се анализирани состојбите со видовите отпад кои се во директна надлежност на локалната самоуправа: комунален, комерцијален, друг вид (како на пр. Индустриски) неопасен отпад и инертен отпад-градежен шут. Анализирано е создавањето на овие отпади како и сите операции кои се застапени во постапувањето со нив: собирање, транспортирање, третман, преработката, со акцент на рециклирањето како и компостирањето и отстранување со депонирање.

На крајот од своето образложение таа ги спомна извори на финансирање на мерките и активностите (инструментите)

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Катица Трајкова Тасева која ја праша Т.Стојковска дали надлежните инспекцсики служби имаат увид во отпадот што го прават и злоупотребуваат тектислните фабрики и што се презема во врска со тоа и дека не е во ред да се спомнуваат здравствените установи акко потенцијални загадувачи заради медицинскиот отпад бидејќи сите до една имаат склучено договор со соодветни фирми

Т.Стојковска рече дека секако дека службите имаат увид, инаку контрола на отпадот врши инспекторот за животна средина и тој треба да ги контролира текстилните фабрики.

К.Т.Тасева рече очигледно е дека никој не ги контролира бидејќи сите знаеме за што се се употребува текстилниот отпад и какви последици има по здравјето на сите нас. Исто така, не е во ред, пред 2 години исто на оваа точка реагирав и барав да се постават корпи/канти за отпадоци на ул. „Кеј на ослободување“, во близина на детскиот парк, рековте во тек била набавката на канти, каде се? Се уште нема ништо преземено, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Триесет и петта точка-Прашања и предлози на членови на Совет;

Славица Димитрова, праша зошто на нејзиното прашање кое го поставувала на 2 седници досега нема добиено одговор. Прашањето е:

1.Колку средства од Буџетот на Општина Делчево се исплатени во 2018 година на спортските клубови, на кои клубови и во кој износ?
Драган Маневски, даде предлог:
1.ЈПКД „Брегалница“ да ја уреди како јавна површина К.П. бр.5510 која се наоѓа во Милково Брдо, на ул. „Кирил и Методиј“. Истата да се засади со цвеќиња, трева и да се огради согласно намената во ДУП.

Сашко Ивановски, праша
1.Зошто се исфрлени делови од споменици од Градскиот парк? Прашањето го поставува по барање на граѓанин.

Билјана Ѓеоргиевска, даде предлог

1.Да се санира покривот на АСНОМ за да не се уништи салата каде што се одржуваатс едници на Совет!
2.ЈПКД „Брегалница“ да ја откоси тревата на кејот на река Брегалница наспроти новата црква кај некогашниот градски пазар и кај детското повќенаменско игралиште во близина на Хотел „Македонија“!

**Дејан Георгиевски, даде предлог**
1.ЈПКД „Брегалница„-Делчево да ја откоси тревата во дворот на старата зграда на ПИОМ на ул.„ Лика Чопова“ и „М.М.Брицо“ бидејќи е централно градско подрачје и е навистина запуштено што создава лоша слика за градот!

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 23.седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 15.30 часот.

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Д
р
а
г
а
н

М
а
н
е
в
с